3. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички планови и планови што граничат со планскиот опфат на урбанистичкиот план ..........................................................................1:1000
4. Ажурирана геодетска подлога.............................................................1:1000
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупна физичка суперструктура и комунална инфраструктура.......................................................................................1:1000

**4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ............................................ 2**
4.1.1. Вид план, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период, површина на планскиот опфат и општина на која ѝ припаѓа подрачјето на планскиот опфат ........................................................................................................................ 2
4.1.2. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат .............. 3
4.1.3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура ......................................... 3
4.1.3.1 Единици на градежно земјиште ..................................................................... 4
4.1.3.2 Класа на намени ............................................................................................ 4
4.1.3.3 Сообраќајно решение ..................................................................................... 8
4.1.3.4 Нивелманско решение .................................................................................... 9
4.1.3.5. Хидротехничка инфраструктура ................................................................... 10
4.1.3.5. Електроенергетика и ПТТ-инсталации .......................................................... 12
4.1.3.6. Гасификација ............................................................................................... 15
4.1.3.7. Далечинско затоплување ............................................................................. 15
4.1.4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите што важат за целата површина на планскиот опфат ..................................................... 15
4.1.5. Посебни услови за изградба, развој и за користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање ......................................... 18
Блок 9 ................................................................................................................ 18
10.1.6. Нумерички показатели ................................................................................. 30
4.1.7.. Билансни показатели ..................................................................................... 31
4.1.8.1 Мерки за заштита на животната средина ................................................ .... 40
А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот ................................................... 40
Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата ....................................................... 41
В) Мерки за заштита од бучава ............................................................................. 41
4.1.8.2. Мерки за заштита и спасување ...................................................................... 41
4.1.8.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ............... .... 42
4.1.8.2.2 Заштита и спасување од урнатини ....................................................... .... 43
4.1.8.2.3. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ................................................. 44
4.1.8.2.4. Заштита и спасување од поплави ............................................................... 44
4.1.8.2.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ............. 44

4.1.8.2.6. Спасување од сообраќајни незгоди ........................................................ 45
4.1.8.2.7. Прва медицинска помош ........................................................................ 45
4.1.8.2.8. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето .................................. 45
4.1.9. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност ............................ 45
4.1.10. Мерки за заштита на културното наследство ................................................ 46
4.2. Графички дел ........................................................................................... 47
**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ....................................................................... 47**
1. План за намена на земјиште и градби, регулационен план и план на површини за градење...........................................................................................1:1000
2. Сообраќаен и нивелациски план.................................................................1:1000

3. Инфраструктурен план.........................................................................1:1000
4. Синтезен план.......................................................................................1:1000
**4а. Синтезен план...................................................................................1:1000**

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел на планот;
- Графички прилози;
- Нумерички дел;
- Услови за градба;
- Известување за прифаќање на иницијативата за изработка на измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје бр. 09-1750/5 од 18.10.2016 година, издадено од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот;
- Програма за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година, бр.08-5371/12 од 27.12.2017 година и Решение за објавување на Одлуката бр. 09-5371/13 од 27.12.2017 година;
- Планска програма од ноември 2016 година со тех. бр. 0801/303/16, изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје;
- Предлог за одобрување на Планската програма од Комисијата, бр. 09-5728/2 од 28.11.2016 година;
- Решение за одобрување на Планската програма од Градоначалникот, бр. 09-5728/3 од 28.11.2016 година;
- Потврда за заверување на Планската програма, бр. 09-5728/4 од 5.12.2016 година;

- Решение за формирање Комисија за урбанизам на Општината, бр. 09-3949/1 од 11.8.2016 година;
- Стручно мислење по Планот од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот, бр. 09-1306/2 од 6.4.2017 година;
- Одлука за спроведување јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-1306/3 од 10.4.2017 година;
- Соопштение за спроведување јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-1306/4 од 10.4.2017 година;
- Решение за формирање Стручна комисија, бр. 09-1306/5 од 10.4.2017 година;
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета, бр. 09-1306/11 од 16.5.2017 година со вклучен Записник од спроведена јавна презентација, бр. 26-1306/8 од 28.4.2017 година;
- Мислење од Агенцијата за катастар на недвижности, бр. 0928-13601/2 од 1.6.2017 година;
- Мислење од Град Скопје, бр. 13-5316/2 од 28.7.2017 година;
- Извештај од извршена стручна ревизија, изработена од НИМАЕР ДООЕЛ д.е. Скопје, со тех. бр. 03-201/17 од јули 2017 година;
- Согласност од Министерството за транспорт и врски, бр. 24-9491/2 од 17.10.2017 година.

**Член 5**

Одлуката за донесување измена и дополнување на БЛОК 9 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, задолжително се објавува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам. По објавувањето на Одлуката, планот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени детални урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам. Пристап до електронскиот регистар имаат донесувачот на планот, органот на државната управа што е надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Електронска форма од измената и дополнувањето на БЛОК 9 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, се објавува на веб-страницата на Општината.

**Член 7**

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од осум работни дена од приемот на Известувањето за донесување измена и дополнување на БЛОК 9 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да изврши дигитално преклопување на планот.

**Член 8**

Одлуката за донесување измена и дополнување на БЛОК 9 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, со сите нејзини делови се чува и за нејзината реализација се грижи Секторот за урбанизам во Општина Центар-Скопје.

**Член 9**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3800/36
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на шеснаесеттата седница, одржана на 9.8.2018 и на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3800/39
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), а во врска со член 39 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18), Советот на Општина Центар-Скопје, на шеснаесеттата седница, одржана на 9.8.2018 година и на продолжението на седницата, оддржано на 30.8.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за недонесување Предлог - Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Советот на Општина Центар-Скопје не ја донесе Предлог - Одлуката за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Плановите треба да предвидуваат развој, но не и развој со кој директно негативно се влијае врз соседството и врз јавното добро.

За објектите што се планирани на парцелите меѓу новото училиште и Заводот за рехабилитација и физикална терапија, објектот меѓу Заводот за рехабилитација и физикална терапија и постојниот станбен комплекс на ул. „Загрепска", како и објектите западно од ДСУ „Св. Наум Охридски", со ГУП на Град Скопје се предвидени објекти од Групата на класи на намена А - Домување, меѓу низа објекти со намена В - Јавни институции, на нелогични места. Во претходниот Детален урбанистички план за дел од овие локации биле предвидени објекти со намена В1 - Образование и наука и В2 - Здравство и социјална заштита, што го поткрепува тврдењето за локациската несоодветност на новопланираната намена. Дополнително, со предвиденото планско решение се зголемени површините за градба и висините на сите горенаведени објекти и изменета им е и основната класа на намена, односно основната класа на намена А1 - Домување во станбени куќи е заменета со намена А2 - Домување во станбени згради, а тоа подразбира зголемена бруто-површина на градба, зголемен број станбени единици и соодветно зголемен број возила.

Меѓутоа, предвид е земено дека дискутабилната намена е предвидена во ГУП, а законска обврска е Деталниот урбанистички план да биде усогласен со Генералниот урбанистички план, така што предлагаме Групата на класа на намени А - Домување да биде задржана, меѓутоа да ѝ биде вратена основната класа на намена А1 - Домување во станбени куќи, со што ќе се редефинираат нумеричките параметри. На овој начин ќе се направи усогласување со ГУП на Град Скопје, а новопланираните објекти нема да го загрозат непреченото и безбедно функционирање на јавните објекти, особено безбедноста на учениците во новото училиште.
Предвид е земено дека за предметната градска четврт нема регулациски план со дефинирани нумерички параметри за секој поединечен блок, односно директно е правен Детален урбанистички план - кој е спорен кога ќе се види колку исправки на технички грешки претрпел досега, така што сметаме дека вакви зголемувања на површините не може да се прифатат бидејќи нема основа да се направи компарација на нумеричките параметри.

<u>НАСОКИ ЗА ПРОМЕНА</u>

1. ГП бр **24.08** во ДУП за Градска четврт Ј07 од 2013 година е предвидена со намена **А1** – Домување во станбени куќи, катност **П+1+Пк**, максимална висина 8,40 м и површина за градење 243 м², а во предложената измена и дополнување на Блок 24 во ДУП Градска четврт Ј07 од 2017 година, таа е со намена **А2** - Домување во станбени згради, катност **П+5+Пк**, максимална висина 19,2 м и површина за градење 377 м².

*Заклучок:*

Не се усвојува промената и се бара задржување на првичната катност од важечкиот план, поради политиката на Општината да нема поткровја во плановите, така што нејзината катност да се измени во П+2.

Не се усвојува ниту планираната патека што се наоѓа на западната страна на парцелата (површината да се врати на парцелата на Заводот од кој е одземена) и да се намали површината за градење со воведување Н/3 растојание до граница на ГП, а со цел да се приближи до габаритот од ДУП Градска четврт Ј07 од 2013 година.

2. Градежните парцели со бр. **24.11, 24.11.1, 24.11.2** во ДУП Градска четврт Ј07 од 2013 година се предвидени со намена **А1** - Домување во станбени куќи, катност **П+1+Пк** и максимална висина 8,40 м, а во предложената измена и дополнување на Блок 24 во ДУП Градска четврт Ј07 од 2017 година тие имаат намена **А2** - Домување во станбени згради, катност **П+3** и максимална висина 12,4 м, со тоа што површината за градење на ГП бр. 24.11 останува иста, додека ГП бр. 24.11.1 и 24.11.2 се споени во една парцела (24.04 во измена и дополнување) и добиваат дополнителни 38 м² површина за градење.

*Заклучок:*

Не се усвојува предложената измена и се препорачува овие парцели да ја задржат намената А1 - Домување во станбени куќи, катност П+2 и максимална висина 10,2 м.

Патеката на источната страна да се задржи.

3. ГП бр. **24.02, 24.03, 24.04, 24.05 и 24.06** од важечкиот ДУП Градска четврт Ј07 од 2013 година се предвидени со намена **А2 -** Домување во станбени згради, катност **П+3+Пк**, максимална висина **13,2 м**.

   Со предложената измена и дополнување на Блок 24 градежните парцели со број 24.04 и 24.05 од тековниот план се спојуваат во нова парцела со број 24.03 и заедно со претходната и сегашната парцела 24.06 добиваат намена **А2 -** Домување во станбени згради, дополнителна катност **П+4+Пк** и максимална висина **16,2 м.**

   Со предложената измена и дополнување градежните парцели со бр. 24.02 и 24.22 (од важечкиот/тековниот план 24.02 и 24.03) остануваат со катност **П+3+Пк** и максимална висина **13,2** м.
   Постојат барања на граѓани за промена и на катноста на овие објекти во **П+4+Пк**.

*Заклучок:*

Не се усвојува предложената измена и се препорачува овие парцели да се вратат на намената А1 - Домување во станбени куќи, катност П+2 и максимална висина 10,2 м, како што било во планот од 2012 година. Растојанието на објектите во парцелите 24.02, 24.03, 24.06 и 24.22 до училиштето е премало. Во коригираното решение тие да се оддалечат на минимум 5 метри од границата на ГП на училиштето.

Основна цел на забелешките е да не се дозволи сообраќаен метеж и небезбедност покрај самото училиште и Заводот за рехабилитација, како што е непредвидливо зголемениот број возила на постојната сообраќајна мрежа што веќе е преоптоварена.

Важечки план, обележани се локациите за кој е даден коментарот.




Бр. 08-3800/38
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување парична помош за лекување на Мица Георгиевска**

Се објавува Одлуката за одобрување парична помош за лекување на Мица Георгиевска,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на шеснаесеттата седница, одржана на 9.8.2018 и на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3800/41
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на шеснаесеттата седница, одржана на 9.8.2018 и на 30.8.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување парична помош за лекување**
**на Мица Георгиевска**

**Член 1**

На Мица Георгиевска и се одобрува парична помош во износ од 180.000,00 денари за лекување.

**Член 2**

Општина Центар-Скопје ќе ги исплати средствата од член 1 на оваа Одлука од Буџетот на Општината за 2018 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3800/40
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови**

Се објавува Одлуката за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3799/3
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), а во врска со член 28 став 2, член 41 став 4 алинеја 1 и член 43 став 1 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16), Советот на Општина Центар-Скопје на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за запирање на спроведувањето на деталните урбанистички планови**

**Член 1**

**СЕ ЗАПИРА СПРОВЕДУВАЊЕТО** на следниве детални урбанистички планови:

1. Централно градско подрачје на Град Скопје-Мал Ринг, Општина Центар-Скопје - измена и дополнување, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/8 на 21.12.2012 година,
2. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Голем Ринг јужен дел - исток (опфат меѓу улиците: ул. „Васил Аџиларски“, река Вардар, бул. „Кочо Рацин“ и ул. „Мирче Ацев“), за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/10 на 21.12.2012 година,
3. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Голем Ринг јужен дел - исток, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/18 на 5.4.2012 година,
4. Детален урбанистички план Голем Ринг-Запад, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-5569/18 на 18.7.2012 година,
5. УРБАН БЛОК ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА, за плански период 2004-2010 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2575/16 на 20.12.2007 година,
6. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок Пресвета Богородица, за плански период 2012-2017 година, донесен со

Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/8 на 10.12.2012 година,

7. ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ КРЊЕВО 1 УРБАН БЛОК 1, за плански период 2009-2014 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-422/12 на 16.2.2010 година,
8. КРЊЕВО 2, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/2 на 21.12.2012 година,
9. Судска палата, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2138/6 на 31.5.2011 година,
10. Судска палата 2, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-1599/2 на 15.4.2011 година,
11. Градска четврт МАЏИР МААЛО, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-5569/16 на 18.7.2012 година,
12. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Маџир Маало и Градска порта Ново Маало, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/4 на 10.12.2012 година,
13. Локалитет Пролет, урбан модул 1, 2, 3 и 4, за плански период 2004-2009 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-1352/5 на 10.7.2007 година,
14. Централно градско подрачје Мирче Мацан, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/6 на 10.12.2012 година,
15. Јужен дел на централното градско подрачје, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4459/2 на 8.6.2012 година,
16. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Стара железничка станица, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4616/4 на 18.11.2011 година,
17. Градска четврт Капиштец, локалитет Клинички блок, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-6530/10 на 13.9.2012 година,
18. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Тасино чешмиче 1, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4414/6 на 18.7.2014 година,

19. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Тасино чешмиче 2, за плански период 2002-2007 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-205/1 на 5.2.2003 година,
20. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Капиштец, локалитет Геолошки завод, за плански период 2001-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/2 на 10.12.2012 година,
21. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од локалитетот Буњаковец 1, УМ1, УМ2, УМ3, М4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-3625/14 на 10.5.2012 година,
22. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 1 - дел од урбан модул 16, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4616/2 на 18.11.2011 година,
23. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 1 - УМ 7, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/20 на 5.4.2012 година,
24. Детален урбанистички план Буњаковец 1, УМ1, УМ6, УМ7, УМ12, УМ13, УМ14, УМ16, УМ17, УМ20, УМ22, УМ23 (важи за блок 17 и за дел од блок 16), за плански период 2004-2009 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-466/1 на 18.2.2005 година,
25. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9331/10 на 10.12.2012 година,
26. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2 - УМ 1.5, за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2780/16 на 5.4.2012 година,
27. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Градска четврт Дебар Маало 1, за плански период 2012-2017 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-9816/4 на 21.12.2012 година,
28. Дебар Маало 2, за плански период 2008-2013 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-3727/2 на 28.12.2009 година,
29. Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план Дебар Маало 2 дел од блок 14, за плански период 2010-2015 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-2138/4 на 31.5.2011 година,
30. Централно зеленило покрај рекаата Вардар - јужен дел (Парк 1), за плански период 2011-2016 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-6530/12 на 13.9.2012 година,

31. Централно зеленило покрај реката Вардар - Парк 2, за плански период 2008-2013 година, донесен со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-387/24 на 27.2.2009 година.

**Член 2**

Се запираат постапките за издавање одобренија за подготвителни работи и постапките за издавање одобренија за градење, а кои се во границите на урбанистичко-планските документации опфатени во деталните урбанистички планови наведени во член 1 на оваа Одлука.

Сите започнати постапки и постапките за кои се издаваат одобренија за градење, во врска со деталните урбанистички планови од член 1 на оваа Одлука, може да продолжат.

Оваа Одлука не се однесува на изградба и на реконструкција на подземни инфраструктурни системи и инсталации.

**Член 3**

Запирањето на спроведувањето на деталните урбанистички планови ќе трае од 5.9.2018 година до 14.12.2018 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3799/2
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2018 година**

Се објавува Одлуката за прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3799/5
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002 година), а во врска со член 33 од Законот за Буџетите ( Сл. Весник на РМ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 , 192/15 и 167/16 ), Советот на Општина Центар - Скопје на 17-та седница одржана на 30.08.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За прераспределба на средствата во Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши прераспределба на средства во Буџетот на Општина Центар – Скопје за 2018 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Назив на потпрограма Назив на потставка | Буџет | Самофинан. | Дотации |
|---|---|---|---|---|

**Се намалуваат расходите на следните потставки:**

---

**ФА0 УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ )**

482920 Изградба на други објекти -3.300.000,00 ден.

| Потпрограма Потставка | Назив на потпрограма Назив на потставка | Буџет | Самофинан. | Дотации |
|---|---|---|---|---|

**Истите да бидат пренаменети на следната потставка:**

**НА0 ОБРАЗОВАНИЕ ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )**

481230 Реконструкција на деловни објекти 3.300.000,00 ден.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Центар – Скопје и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Бр. 08-3799/4
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3799/7
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ на Општина Центар - Скопје за 2018 година

Се предвидува измена и дополнување на програмата за Урбано планирање Ф и програмата за Реконструкција и санација на основни училишта NA0 so прераспределба на средства во Буџетот на општина Центар за 2018 година на следниот начин:

Се врши измена во конто 482920 Изградба на други објекти планираните 24.000.000,00 денари се намалуваат за 3.300.000,00 денари кои се префрлаат во конто 481230 Реконструкција на Основни училишта каде планираните 15.000.000,00 се зголемуваат за 3.300.000,00 денари кое е образложено во табеларниот приказ и тектуалниот дел во продолжение на овој документ.

| | | | **Планирано** | **Предложено со репрограмирање** |
|---|---|---|---|---|
| **482920** | **25** | **Изградба на други објекти** | **24.000.000,00** | **20.700.000,00** |
| | | **УЗ Наум Наумовски Борче** | | |
| | - | Изградба на монтажен паркинг во Парк Опатија | | |
| | - | Изградба на стационар за бездомни животни | | |

| | | | Планирано | Предложено со репрограмирање |
|---|---|---|---|---|
| 481230 | | Реконструкција на Основни Училишта | 15.000.000,00 | 18.300.000,00 |
| | | **ООУ ,,Коле Неделковски,,**<br>Замена на столарија - врати во тоалети на ООУ „Коле Неделковски,,<br>Партерно и хортикултурно уредување на двор на ООУ „Коле Неделковски,, | | |
| | | **ООУ,, Ј.Х.Песталоци,,**<br>Реконструкција на дел од покрив на ООУ,,Ј.Х.Песталоци,,<br>Реконструкција на тоалети во анкесот на ООУ,,Ј.Х.Песталоци,,<br>Партерно и хортикултурно уредување на двор наООУ „Ј.Х.Песталоци,,<br>Санација на заштитни огради во двор на училиште ООУ,,Ј.Х.Песталоци,, | | |
| | | **ООУ,, Кочо Рацин,,**<br>Партерно и хортикултурно уредување на двор на ООУ „Кочо Рацин,, | | |
| | | **ООУ,, 11ти Октомври,,**<br>Замена на столарија - врати во ООУ „11ти Октомври,,<br>Реконструкција на дел од фекална канализација во дел од ООУ,,11ти Октомври,,<br>Реконструкција на дел од атмосферска канализација во дел од ООУ,,11ти Октомври,,<br>Санација на дел од објект во ООУ,,11ти Октомври,,<br>Санација на дел од подови во училни и кабинети во ООУ,, 11ти Октомври,,<br>Партерно уредување во ООУ,,11ти Октомври,, | | |
| | | **ООУ,, Св.Кирил и Методиј,,**<br>Санација и реконструкција на дел од објект во ООУ,,Кирил и Методиј,,<br>Партерно и хортикултурно уредување на двор на ООУ „Св.Кирил и Методиј,,<br>Реконструкција на атмосферска мрежа во двор на ООУ,,Св.Кирил и Методиј,,<br>Санација на топловодна и водоводна мрежа(замена на вентили) во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,,<br>Замена на капија од службен влез во ООУ,,Св.Кирил и Методиј,,<br>Санација на тоалети (казанчиња) во ООУ,, Св.Кирил и Методиј,, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ООУ,, Димитар Миладинов,,**<br>Реконструкција на под во ООУ,,Димитар Миладинов,,<br>Санација на хидранти и водоводна мрежа (замена на вентили) во ООУ,,Димитар Миладинов,,<br>Санација на фекална канализација во тоалети во ООУ,,Димитар Миладинов,, | | |
| | | **ООУ,, Гоце Делчев,,**<br>Реконструкција на фасада на ООУ,,Гоце Делчев,,<br>Замена на столарија - врати во ООУ „Гоце Делчев,,<br>Молерофарбарски работи во ООУ,,Гоце Делчев,, | | |
| | | Поставување на Сончеви колектори во Основните Училишта | | |
| | | Санација на интервентни зафати по потреба во ООУ | | |

Бр. 08-3799/6
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за објавување конкурс за избор на проекти**
**од областа на сценската уметност**

Се објавува Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3799/9
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и Дел VIII точка 9.2 од Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 24/17), Советот на Општина Центар-Скопје на седумнаеста седница, одржана на 30.8.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување конкурс за избор на проекти**
**од областа на сценската уметност**

Член 1

За реализација на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година во делот за други форми на поддршка да се објави конкурс за финансирање на проекти од областа на сценската уметност.

Со конкурсните услови да се обезбеди конкуренција на квалитетни проекти за театарски претстави, фестивал на денс и движење, концерти, филмска уметност, како и место за изразување на младата македонска културна сцена.

Член 2

Средствата за финансиска поддршка на проектите од член 1 на оваа Одлука, во висина од **4.500.000,00** денари, се обезбедени со Програмата за култура и со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018-2019 година.

Член 3

За спроведување на конкурсната постапка за избор на проекти од областа на сценската уметност, на предлог на Советот се формира Комисија во состав:
претседател:
- Бојана Новаковиќ, член на Советот на Општина Центар-Скопје;
членови:
- Билјана Петрушева, член на Советот на Општина Центар-Скопје и
- Весна Куковска, од редот на вработените.

Член 4

Комисијата од претходниот член на оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на конкурсот, ќе му достави на Градоначалникот предлог за избор на проекти од областа на сценската уметност.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3799/8
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Амбасадата на Република Словенија**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Амбасадата на Република Словенија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на седумнаесеттата седница, одржана на 30.8.2018 година.

Бр. 09-3799/11
30.8.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на седумнаесетта седница, одржана на 30.8.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од**
**Амбасадата на Република Словенија**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Амбасадата на Република Словенија во Скопје, за сообраќајна опрема за измена на режим на сообраќај и пооставување урбана опрема во делокругот на Амбасадата.

- 21 x столпчиња
- 2 x сообраќаен знак за забрана за паркирање и застанување
- 1 x доплнителна табла за известувања
- 6 x паркинг за велосипеди

**Член 2**

Градоначалникот на Општината се овластува да го потпише Договорот за донација со Амбасадата на Република Словенија во Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3799/10
30.8.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09-3807/1
Датум: 24.08.2018

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје распишува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/2018).

**Јавниот повик ќе трае од 3.9.2018 до 5.10.2018 година или 33 дена, сметано од објавувањето во дневниот весник „Слободен печат".**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да достават иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување на иницијативи.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Центар-Скопје, www.opstinacentar.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Центар - Скопје" и во дневниот весник „Слободен печат".

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар - Скопје**
**Саша Богдановиќ**

1ихаил Цоков 6б , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk